Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеа 12, а во врска со член 20 став 1 алинеа 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14) и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-6126/3 од 12.12.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21-та седница одржана на 12.12.2014 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2014-та година, со цел да се обезбедат средства за службени огласи за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во износ од 300.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Со ребалансот на Финансискиот план на Агенцијата за 2014-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат **198.994.898,00** денари.

Ребалансот треба да се изврши на следните ставки во усвоениот Финансиски план за 2014-та година и тоа:

- Да се зголеми групната ставка **418 Останати други расходи** за 300.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.255.400,00 денари истата да изнесува 1.555.400,00 денари.
- Позицијата **418800 Други расходи**, наместо досегашниот износ од 1.255.400,00 денари ќе се зголеми за 300.000,00 денари и ќе изнесува 1.555.400,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат на објава на службени огласи за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во најголем дел се однесуваат на законската обврска за објавување на усвоени Правилници во Службен весник на Република Македонија.
- Да се намали групната ставка **440 Средства за градежни објекти** за 300.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 126.517.946,00 денари истата да изнесува 126.217.946,00 денари.
- Позицијата **440100 Изградба, реконструкција и адаптација на градежни објекти** наместо досегашниот износ од 126.517.946,00 денари ќе се намали за 300.000,00 денари и ќе изнесува 126.217.946,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за објава на службени огласи за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

**Образложение**

Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеа 12, а во врска со член 20 став 1 алинеа 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-6126/3 од 12.12.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21-та седница одржана на 12.12.2014 година донесе одлука да се одобри ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2014-та година, со цел да се обезбедат средства за службени огласи за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во износ од 300.000,00 денари со вклучен ДДВ. Со ребалансот на Финансискиот план на Агенцијата за 2014-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 198.994.898,00 денари. Ребалансот треба да се изврши на следните ставки во усвоениот финансиски план за 2014-та година и тоа: да се зголеми групната ставка 418 Останати други расходи за 300.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.255.400,00 денари истата да изнесува 1.555.400,00 денари. Позицијата 418800 Други расходи, наместо досегашниот износ од 1.255.400,00 денари ќе се зголеми за 300.000,00 денари и ќе изнесува 1.555.400,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат на објава на службени огласи за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во најголем дел се однесуваат на законската обврска за објавување на усвоени Правилници во Службен весник на Република Македонија. Да се намали групната ставка 440 Средства за градежни објекти за 300.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 126.517.946,00 денари истата да изнесува 126.217.946,00 денари. Позицијата 440100 Изградба, реконструкција и адаптација на градежни објекти наместо досегашниот износ од 126.517.946,00 денари ќе се намали за 300.000,00 денари и ќе изнесува 126.217.946,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за објава на службени огласи за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 02-6224/1**

12.12. **2014 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот,
- раководителот на стручната служба,
- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата – архива